Друштво за лизинг
ПОРШЕ ЛИЗИНГ
ДООЕЛ Скопје
Примено: 14.09.2022
Орг. един: 03 | Број: 5750 | Прилог: | Вредност:

Архивски знак: 0507
Рок на чување: 5 години
20 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 05-405/7
13.09.2022 год./viti
СКОПЈЕ- SHKUP

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки
## патнички моторни возила по пат на оперативен лизинг

Склучен помеѓу:

1. **Оперативно-техничката агенција Скопје**, со седиште на ул. „Орце Николов" број 48, поштенски факс 236, 1000 Скопје, ЕДБ: МК 4080018576757, ЕМБС: 7309279, претставувана од директорот Зоран Ангеловски (во понатамошниот текст: **Корисник на лизинг**) и
2. **Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје**, со седиште на бул.„ Босна и Херцеговина" бр.3, 1000 Скопје, ЕДБ: 4030007011572, ЕМБС: 6299482, претставувано од овластено лице на давателот на лизинг Филип Стефаноски (во понатамошниот текст: **Давател на лизинг**)

Корисник на лизинг и Давател на лизинг во понатамошниот текст на договорот заедно нарекувани: „Договорни страни" или „Страни".

КАДЕ ШТО:

- Корисникот на лизинг спроведе поедноставена отворена постапка за јавна набавка на стоки-изнајмување на 3 ( три) патнички моторни возило -со 5 врати, по пат на оперативен лизинг, со објавување на оглас со арх.бр. 13193/2022, согласно тендерската документација со арх.бр. 05-405/2 од 08.08.2022 година;
- Давателот на лизинг преку ЕСЈН достави понуда од 22.08.2022 година во 15:24 часот;
- Беше спроведена електронска е-аукција на 29.08.2022 година во период од 09:00 часот до 09:45 часот, при што ниту еден економски оператор не учествуваше во е-аукцијата.
- Корисникот на лизинг донесе одлука за избор на најповолна понуда број 05-405/5 од 31.08.2022 година, со која како најповолна понудата за набавка на 3 ( три) патнички моторни возила-со 5 врати се избира понудата на Давателот на лизинг.
- Следствено на наведеното, Корисникот на лизинг и Давателот на лизинг го склучуваат овој договор.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

(1) Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки, изнајмување на 3 ( три) нови патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 по пат на оперативен лизинг за период од 4 (четири) години и предвидена километража од 140.000 км за 48 месеци, за потребите на Оперативно-техничката агенција согласно описот во техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација со арх.бр. 05-405/2 од 08.08.2022 година, по спроведената поедноставена отворена постапка со објавување на оглас број 13193/2022 во сè според прифатената понуда на Давателот на

лизинг од страна на Корисникот на лизинг доставена преку ЕСЈН на ден 22.08.2022 година во 15:24 часот и тоа:

- 3(три) патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5

(2) Предметот на договорот за јавна набавка опфаќа и целосно сервисно одржување на возилата, редовни и периодични сервиси во овластен сервис, по потреба и по барање на Корисникот на лизинг согласно препораките на производителот.

**Член 2**

(1) Предметот на набавката опфаќа:

- испорака на 3(три) нови неупотребени возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 (изнајмување без опција за купување) со времетраење од 48 месеци, и предвидена километража од 140.000 км за 48 месеци, согласно техничката спецификација и понудата на Давателото на лизингот;
- целосно сервисно одржување на возилата, редовни и периодични сервиси во овластен сервис, по потреба и по барање на Корисникот на лизинг согласно препораките на производителот;
- целосно сервисирање на возилата од страна на Давателот на лизинг во времетраење на оперативниот лизинг, при што под сервисирање се подразбираат сите редовни сервиси и сите вонредни сервиси кои се потребни да се извршат;
- гаранција на возилата од минимум 48 месеци и предвидена максимална километража од 140.000 км;
- доколку во текот на гарантниот период се појават било какви дефекти, Давателот на лизинг е должен истите да ги отстрани, без надомест, во најкус можен рок;
- при извршување на редовни сервиси, Корисникот на лизинг е должен да ги извршува сите сервисни активности кои што се предвидени од производителот на возилата во овластениот сервисер;
- трошоците за одржување и сервисирање во гарантниот период, паѓаат на товар на Давателот на лизинг;
- осигурување на возилата и тоа: потполно каско осигурување, авто одговорност, осигурување од трети лица, зелен картон за возилата и други трошоци;
- пробни таблички, сервисирање на возилата, промена на зимски и летни пневматици со складирање, трошоци за обработка на документацијата за лизингот;
- технички преглед на возилата, пренос на дефектно возило (од Република Северна Македонија и надвор од границите на државата) до овластен сервис.

(2) За остварување на гарантните обврски, Давателот на лизинг приложува список од овластени сервиси на територијата на Република Северна Македонија.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

(1) Единечната цена за извршување на предметот на набавката од член 1 на овој договор е утврдена во листата на цени за изнајмување на 3 (три) нови патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 по пат на оперативен лизинг со времетраење од 48 месеци и предвидена километража од 140.000 км, согласно со прифатената понуда на Давателот на лизинг од 22.08.2022 година во 15:24 која е составен дел на овој договор и тоа:

- Прилог бр.1 : Листа на цени за моторни возила по пат на оперативен лизинг (патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 со времетраење од 48 месеци и предвидена километража од 140.000 км)

(2) Единечната цена од Листата на цени за Патничките моторни возила со 5 врати со времетраење од 48 месеци и предвидена километража од 140.000 км, прилог кон договорот е фиксна и непроменлива за цело времетраење на договорот.

(3) Вкупната максимална вредност на овој договор за изнајмување на 3 (три) нови патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5, без пресметан ДДВ изнесува 2.696.688,00 денари.

(4) Вкупниот ДДВ, за изнајмување на 3 (три) нови патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 изнесува 485.372,16 денари.

(5) Вкупната максимална вредност на договорот за изнајмување на 3 (три) нови патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 со пресметан ДДВ изнесува 3.182.060,16 денари.

(6) Месечниот надоместок/рата на лизингот по визило е фиксен и непроменлив за цело времетраење на договорот и изнесува:

- 18.727 денари без пресметан ДДВ, за едно возило;
- ДДВ во износ од 3.370,64 денари, за едно возило;
- Вкупно месечна рата за едно возило со пресметан ДДВ во износ од 22.097,64 денари по возило.

(7) Во цената е вклучена наемнината за возилата и сите други трошоци (каско осигурување, авто одговорност, трошоци за регистрација на возилата, пробни таблички, сервисирање на возилата, промена на зимски и летни пневматици со складирање, трошоци за обработка на документацијата за лизингот, технички преглед на возилата, пренос на дефектно возило (од Република Северна Македонија и надвор од границите на државата) до овластен сервис и зелен картон за возилата и други трошоци за целиот период на оперативниот лизинг.

(8) Во случај кога набавеното возило по пат на оперативен лизинг ќе биде оставено во сервисниот центар на Давателот на лизинг поради настанат дефект, редовен сервис, штета или други ситуации кога возилото не е препорачливо да биде во употреба, а поправката ќе трае повеќе од 3 (три) дена, Давателот на лизинг е должен без надоместок да обезбеди на користење заменско возило со истите карактеристики или една класа пониско, се додека возилата не се стави повторно во употреба.

(9) За надминување на предвидената максимална километража од 140.000 км за 48 месеци за патничкото моторно возило со 4 врати, предмет на договорот, ќе се плаќа паричен надоместок во износ од 3,26 денари со вклучен ДДВ по изминат километар.

(10) Вкупната вредност на договорот не смее да ја надмине максималната вредност на договорот со пресметан ДДВ.

## III. ПОСТАПКА ЗА НАРАЧКА И ИСПОРАКА

**Член 4**

Договорните страни се согласни извршувањето и испораката на предметот на овој договор задолжително да се одвива според чекорите, овластувањата и на начин опишан во:-Табела 1

Табела 1

| ПОСТАПКА ЗА НАРАЧКА И И ИСПОРАКА | | |
|---|---|---|
| Чекори | Овластени лица | Начин на испорака |
| 1. Писмено Барање (нарачка) на Корисникот на лизинг содржи:<br>- податоци за предметот на набавката кој треба да се испорача<br>- рок за извршување и испорака на предметот на набавката.<br>- единечна и вкупна цена согласно со листата на цени во прилог на овој договор | Потпишано од директорот на Корисникот на лизинг | Испратено по пошта на официјалната адреса и скенирано по пат на e-mail адреса на на лицата назначени како контакти за реализација на договорот наведени во прилог бр.2<br>Примерок од Барањето (нарачката) се доставува во прилог на фактурата од страна на Давателот на лизинг |
| 2. Извршување на барањето (нарачката) од страна на Давателот на лизинг согласно побарувањата, роковите и одредбите на овој договор | Од страна на Давателот на лизинг: лицето назначено од Давателот на лизинг за извршување предметот на набавка | |
| 3. Потпишување на записник за примопредавање на предметот на набавка врз основа на писменото барање, потпишано од одговорното лице на корисникот на лизинг со кој се потврдува дека е извршен квантитативен прием на стоката и не претставува прием и | Од страна на Корисникот на лизинг: лице назначено како контакт за реализација на договорот наведено во прилог бр.3 или негова замена | Записникот за примопредавање се потпишува во доволен број оригинални примероци за давателот на лизинг и корисникот на лизинг. |

| | | |
|---|---|---|
| потврда на квалитетот на предметот на набавката.<br><br>Записникот од примопредавање е потребно да ги содржи минимум следните податоци: датум и време на испорака, опис на предметот на набавката кој е испорачан и други податоци кои се потребни за потврдување на реализираната услуга. | Од страна на Давателот на лизинг: лицето назначено од давателот на лизинг за извршување на предметот на набавка | Записникот за примопредавање се доставува во прилог на фактурата од страна на давателот на лизинг |
| 4. Доколку при прием на предметот на набавката се утврди скриен недостаток на доставената стока, Корисникот на лизинг е должен да го извести Давателот на лизинг и поблиску да го опише недостатокот и да го повика Давателот на лизинг да го прегледа возилата. | Од страна на Корисникот на лизинг: лице назначено како контакт за реализација на договорот наведено во прилог бр.3 или негова замена | Известување доставено до давателот на лизинг во рок од 8 (осум) дена од денот кога е откриен недостатокот. |
| 5. Потпишување на записник за квалитативен прием на возилата, во рок од 30 дена од денот на потпишување на записник за квантитативен прием и договорните страни составуваат записник за квалитативен прием на возилата | Од страна на Корисникот на лизинг: лице назначено како контакт за реализација на договорот наведено во прилог бр.3 или негова замена | Записникот за примопредавање се потпишува во доволен број оригинални примероци за договорниот орган и за носителот на набавката. |

## IV.РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА

### Член 5

(1) Давателот на лизинг е должен да го испорача предметот на договорот во рок не подолг од 60 (шеесет) дена од стапување во сила на овој договорот и врз основа на одобрено барање од страна на Корисникот на лизинг.

(2) Давателот на лизинг е должен да испорача нови возила со сите договорени карактеристики во утврдениот рок, со квалитет согласно пропишаните важечки стандарди и прописи кои се однапред договорени.

(3) Возилата треба да бидат опремени целосно според доставената техничка понуда.
(4) Возилата треба да бидат опремени со дополнителна опрема (прва помош, триаголник и ланци), а кои не се наведени во техничката спецификација.

Член 6

(1) При предавање на возилата, Давателот на лизинг должен е на Корисникот на лизинг заедно со возилата, да му предаде и:

- сообраќајна дозвола,
- осигурителна полиса (фул каско, без Турција),
- автоодговорност за трети лица,
- автоодговорност,
- овластување за управување со моторното возило,
- гарантен лист,
- упатство за користење,
- сервисна книшка (во хартиена или дигитална форма)
- зелен картон
- дополнителна опрема

(2) Давателот на лизинг може да бара продолжување на рокот за испорака на предметот на договорот само по писмено барање на Давателот на лизинг и писмена согласност на Корисникот на лизинг.
(3) Ако Давателот на лизинг не ја исполнил својата обврска во рокот утврден во овој договор или не ја исполнил ниту во дополнителниот рок кој бил даден од Корисникот на лизинг, Корисникот на лизинг може да наплати договорна казна, да го раскине договорот и да бара надоместување на направената штета.

V. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 7

(1) Приемот на возилата ќе се врши записнички во присуство на овластени лица од Корисникот на лизинг и Давателот на лизинг.
(2) Квантитативен прием на возилата, предмет на овој Договор, се врши со документ (записник за квантитативен прием) потпишан од двете договорни страни.
(3) Квалитативен прием на возилата, предмет на овој Договор врши Корисникот на лизинг во рок од 30 дена од денот на потпишување на записник за квантитативен прием и договорните страни составуваат записник за квалитативен прием на возилата.
(4) Корисникот на лизинг доколку се сомнева во квалитетот на возилата може сам да направи проверка на возилата кај овластени институции.
(5) Доколку при приемот на возилата се констатираат одредени недостатоци, Давателот на лизинг е должен истите да ги отстрани, или возилата да го замени со нови возило.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА ЛИЗИНГ

### Член 8

(1) Давателот на лизинг е особено должен:

- веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација и да ги извршува обврските стручно и квалитетно придржувајќи се кон прифатените услови дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел на овој договор.
- да обезбеди ефикасно и навремено извршување на предметната набавка, придржувајќи се кон писмените барања од Корисникот на лизинг;
- Давателот на лизинг се обврзува да изврши испорака на возилата со предвидените карактеристики согласно техничката спецификација;
- да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на предметната набавка;
- да му се укаже на Корисникот на лизинг за било која неправилност во врска со функционирањето на предмет на договорот;
- во рамките на извршувањето на своите обврски да соработува со вработените кај Корисникот на лизинг кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната набавка.
- да испорача нови возила со сите договорени карактеристики во утврдениот рок, со квалитет согласно пропишаните важечки стандарди и прописи кои се однапред договорени.
- Давателот на лизинг е должен најмалку 15 дена пред истекот на регистрацијата или на осигурувањето, да испрати писмено барање до Корисникот на лизинг за времено да му ги отстапи возилата за да изврши нивна регистрација и осигурување (фул каско, без Турција, авто одговорност, осигурување на трети лица, зелен картон и друго).
- Давателот на лизинг е должен да ги регистрира и осигура возилата и да ги врати во владение на Корисникот на лизинг во рок од најмногу 6 часа од моментот на отстапувањето на возилата.
- Давателот на лизингот е должен да поднесе барање и да ги сноси сите трошоци кон надлежните институции за одобрување на Барањето за оперативен лизинг.

(2) Давателот на лизинг е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги смета барањата и интересите на Корисникот на лизинг кои се предмет на овој договор за приоритетни во секое време и да го информира Корисникот на лизинг, веднаш доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на овој договор.

(3) Давателот на лизинг е овластен во сите случаи кога поради пропуст на Корисникот на лизинг ќе плати износ на висина на одредената казна, како и износ на трошоци кои подразбираат надомест за

застапување и/или одбрана, такси и други трошоци кон надлежните органи истите да ги наплати од Корисникот на лизинг.

(4) Давателот на лизинг се обрзува да обезбеди целосна сервисна подршка низ целата територија на Република Северна Македонија, а надвор од границите на државата во случај на дефект, исклучиво во овластени сервисни центри, кои доколку има потреба од интервенции, истите да ги извршат во најкус можен рок.

(5) Давателот на лизинг е должен на Корисникот на лизинг да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправноста или недостатоци на возилата, предмет на овој Договор, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

(6) Доколку Давателот на лизинг, возилата, предмет на овој Договор не ги испорача, со договорениот квалитет, на начин и во рок утврден со овој Договор, Корисникот на лизинг може да го раскине Договорот.

(7) Давателот на лизинг е должен возилата да ги регистрира и осигура на име на Давателот на лизинг и да може Корисникот на лизинг да ги користи на целата територија на Република Северна Македонија и надвор, веднаш, без дополнителни ограничувања.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА ЛИЗИНГ

### Член 9

(1) Корисникот на лизинг се обврзува дека ќе го изврши плаќањето за извршената услуга согласно одредбите од овој договор.

(2) Корисникот на лизинг има право да не го изврши плаќањето доколку истото не е побарано, односно одобрено во соодветна постапка со претходно писмено барање/нарачка и писмено одобрување на предлог пресметката потпишани од страна на одговорното лице на Корисникот на лизинг.

(3) Корисникот на лизинг е должен да изврши рекламација на стоката или на делови од неа доколку не ги задоволуваат наведените карактеристики и утврдениот квалитет и за истото писмено да го извести Давателот на лизинг да испорача возило со договорениот квалитет, во спротивно нема да изврши исплата.

(4) Корисникот на лизинг се обврзува да води грижа за возилата, за нивната исправност и да ги почитува законските прописи при нивното управување.

(5) Корисникот на лизинг е обврзан да го користи предметот на закуп во согласност со позитивните законски прописи, а во случај на кршење на истите Корисникот на лизинг е одговорен за последиците кои од тоа ќе произлезат и во врска со нив на надлежните органи ќе ги плати сите предвидени казни.

## VIII.ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

### Член 10

(1) Материјалниот недостаток постои ако материјалите ги немаат потребните својства за нивна редовна употреба и/или ги немаат својствата утврдени со тендерската документација и техничките спецификации и одобрените предлог пресметки.

(2) Давателот на лизинг одговара за недостатоците на квалитетот на испорачените стоки.

Член 11

(1) Корисникот на лизинг има право извршените испораки да ги провери за да утврди дали постојат недостатоци и доколку по приемот на возилата се покаже дека истите имаат недостаток, Корисникот на лизинг е должен за тој недостаток веднаш да го извести Давателот на лизинг за да го отстрани недостатокот во утврдени рокови.

(2) Кога по приемот на возилата ќе се покаже дека некој од нив, или сите, имаат некој скриен недостаток, Корисникот на лизинг е должен во рок од 8 (осум) дена да го извести Давателот на лизинг, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

(3) Во известувањето за недостатокот, Корисникот на лизинг е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Давателот на лизинг да го прегледа возилата.

(4) Корисникот на лизинг кој навремено и уредно го известил Давателот на лизинг за недостатокот може да бара да го отстрани недостатокот веднаш или доколку Давателот на лизинг не може да го отстрани недостатокот да бара испорака на нов предмет, најдоцна во рок од 10 (десет) дена од денот на известувањето.

(5) Ако известувањето за недостатокот кое Корисникот на лизинг навремено го испратил до Давателот на лизинг со препорачано писмо, телеграма или некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до Давателот на лизинг, се смета дека Корисникот на лизинг ја извршил својата обврска да го извести Давателот на лизинг

(6) Корисникот на лизинг не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска предметот на набавката да го прегледа без одлагање или обврска во определениот рок да го извести Давателот на лизинг за постоење на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на 6 месеци од предавањето на предметот на набавката, ако тој недостаток му бил познат на Давателот на лизинг или не можел да му остане непознат.

## IX. ГАРАНТЕН ПЕРИОД И СЕРВИСИРАЊЕ

Член 12

(1) Гарантниот период на возилата изнесува 48 месеци, од денот на испорака на истите.

(2) Доколку во текот на гарантниот период се појават било какви дефекти, Давателот на лизинг е должен истите да ги отстрани, без надомест, во најкус можен рок.

Член 13

(1) Давателот на лизинг се обврзува во времетраење на оперативниот лизинг да ги сервисира возилата.

(2) Под сервисирање се подразбираат сите редовни сервиси и сите вонредни сервиси кои се потребни да се извршат.

(3) При извршување на редовни сервиси, Корисникот на лизинг е должен да ги извршува сите сервисни активности кои што се предвидени од производителот на возилата во овластениот сервисер.

(4) Трошоците за одржување и сервисирање во гарантниот период, паѓаат на товар на Давателот на лизинг.

(5) За остварување на гарантните обврски, Давателот на лизинг приложува список од овластени сервиси на територијата на Република Северна Македонија.

## X. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 14

(1) Договорните страни се согласни дека доколку Давателот на лизинг не ги исполни обврските по овој договор во роковите утврдени во овој договор, Корисникот на лизинг има право да бара од Давателот на лизинг да му исплати договорна казна во висина од 0,5 % од вкупната вредност на договорот за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5 (пет) % од вкупната вредност на договорот.

(2) Утврдениот износ на договорна казна поради задоцнување, Корисникот на лизинг ќе го засмета и одбие при исплата на износ од фактура на Давателот на лизинг доставена за исплата.

## XI. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

### Член 15

Договорните страни се согласни дека доколку Давателот на лизинг не ги изврши обврските во рок и на начин утврден со овој договор, покрај правото на договорна казна и правото да го раскине договорот има право и да бара надомест на претрпената реална штета, поради тоа што бил лишен од користење на возилата од моментот на известувањето за отстранување на недостатокот до остранување на недостатокот ако Давателот на лизинг при отстранувањето го пречекори утврдениот рок.

## XII.НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 16

(1) Давателот на лизинг, ќе издаде фактура за плаќање по извршување/испораката која е предмет на плаќање.

(2) Давателот на лизинг ќе го врши фактурирањето на надоместоците во денарска противвредност, според средниот курс на Еврото на НБРМ на денот на фактурирањето.

(3) Давателот на лизинг, ќе издаде фактура за плаќање по извршување/испораката која е предмет на плаќање.

(4) Давателот на лизинг ќе го врши фактурирањето на надоместоците во денарска противвредност, според средниот курс на Еврото на НБРМ на денот на фактурирањето.

(5) Секоја фактура, освен законските задолжителни елементи ќе ги содржи и:

- бројот и датумот на овој договор,
- опис на услугата/предметот кој е предметот на плаќање и единечни и вкупни цени согласно со листатата на цени кои се прилог на договорот

- данокот на додадена вредност кој ќе биде одделно пресметан и прикажан на фактурите согласно важечките законски прописи.
- периодот за кој се однесува фактурата, како и регистарска ознака и податоци за возилата за кое се однесува фактурата.

(6) Во прилог на фактурата задолжително се доставува целокупната документација врз основа на која е извршена/испораката на предметото на договорот, поточно:

- писменото Барање (Нарачка) од Корисникот на лизинг за извршување/ испорака односно доставување на соодветен /предмет/
- примерок од записникот за примопредавање на предметот на набавката.

(7) Во случај кога износите во фактурата отстапуваат од одобрената цени согласно овој Договор или во случај да недостасува некој од елементите од ставот 5 и ставот 6 на овој член, Корисникот на лизинг има право да ја/ги врати фактурата/фактурите на ревизија и исправка. Давателот на лизинг нема право да наплати камата како резултат на доцнење кое што произлегува од оваа причина.
(8) Во случај на промена на банкарската сметка, Давателот на лизинг е должен да го извести Корисникот на лизинг во писмена форма за податоците од новата сметка и банката депонент. Договониот орган нема да сноси одговорност за задоцнето плаќање поради погрешно наведена или изменета банкарска сметка за која Корисникот на лизинг не е навремено и соодветно известен.
(9) Давателот на лизинг, фактурата, поткрепена со примероци од пропратната документација од ставот (4) на овој член, ја доставува до Централната писарница на Корисникот на лизинг на следната адреса: Оперативно-техничка агенција, ул. „Орце Николов" бр.48, 1000 Скопје.
(10) Корисникот на лизинг ќе изврши плаќање на фактурата за извршената работа во рок од 30 (триесет) дена од приемот на фактурата во неговата архива. Во случај на доцнење со плаќање, Давателот на лизинг има право да пресмета законска камата согласно со Законот за облигационите односи (ЗОО)
(11) Доколку по превземањето на предметот на закуп, дојде до промена на даночната стапка, Давателот на лизинг има право да го промени износот на долгуваните рати во согласност со законските промени

## XIII. ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВА И ОБВРСКИ

### Член 17

(1) Давателот на лизинг не може да ангажира под-изведувачи, да ги пренесе, продаде или на друг начин да се ослободи од своите обврски и права што произлегуваат од овој договор без претходно писмено одобрување/ согласност од страна на Корисникот на лизинг.
(2) При евентуална промена на сопственоста, Давателот на лизинг е обврзан благовремено да го запознае идниот сопственик/ци со овој Договор и да му ги предочи сите права и обврски кои произлегуваат од договорот, а кои согласно позитивните законски прописи во РСМ се пренесуваат и на новиот сопственик/ци, за целото времетраење на Договорот и за промената на сопственоста веднаш, но не подоцна од 8 (осум) дена од промената да му прати на Корисникот на лизинг официјално известување кое ќе содржи податоци за основит на промена на сопственоста и податоци за новиот сопственик.

## XIV. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

### Член 18

Двете договорни страни се обврзуваат дека, на датумот на влегување во сила на договорот, нејзините директори, службеници или вработени, нè понудиле, ветиле, дале овластување, побарале или прифатиле каква било непотребна парична или оствариле друга предност од каков било вид (или имплицирале дека ќе направат или би можеле да сторат такво нешто во кое било време во иднина) на кој било начин поврзан со овој Договор и дека презеле разумни мерки за да спречат нивни подизведувачи, од нив ангажирани лица или кои било трети страни, кои се под нивно влијание, да го сторат тоа.

### Член 19

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор и потврдуваат дека нивните вработени, раководители или било кои нивни посредници немаат дадено, ветено или прифатено било каква парична исплата или друг вид на услуга или незаконска добивка или корист во врска со преговарањето/склучувањето на овој договор, ниту тоа ќе го сторат во иднина.

### Член 20

Договорните страни се согласни дека, во секое време во врска со текот на Договорот и потоа, ќе се придржуваат и дека ќе преземаат разумни мерки за да бидат сигурни дека нивните подизведувачи, од нив ангажирани лица или трети страни, кои се под нивно влијание, дека ќе бидат во согласност со следниве одредби:

1) Договорните страни ќе го забранат следното однесување во секое време и во која било форма, со државни и јавни службеници на меѓународно, национално или локално ниво, политичка партија, партиски службеници, кандидати за јавна функција или директорска позиција, лице со функција или вработен во некоја од Договорните страни, без разлика дали во ова однесување се вклучени директно или индиректно, вклучително и преку трети лица, и тоа:

- Поткуп е понуда, ветување, давање, одобрување или прифаќање на било каква непотребна парична или друга предност, од или за кое било од лицата наведени погоре или за кој било друг, со цел да се добие или задржи деловна активност или друга несоодветна предност, во врска со доделување на договор за набавка, регулаторни дозволи, оданочување, царина, судска и законодавна постапка. Поткупот често вклучува:

1) враќање на дел од исплатеното од склучен договор, на владини или партиски службеници или вработени во другата договорна страна, нивни блиски роднини, пријатели или деловни партнери или

2) користење посредници, како што се агент, подизведување, консултанти или трети страни, за канализирање на исплати на владини или партиски службеници или на вработени во другата договорна страна, нивни роднини, пријатели или деловни партнери.

- Изнуда или барање нешто од интерес што се смета за барање мито, без разлика дали е поврзано или не со закана и ако барањето се одбие. Секоја страна ќе се спротивстави на било каков обид за изнуда или

барање мито и се охрабрува да ги пријави ваквите обиди преку достапни формални или неформални механизми за известување, освен за таквото известување не се смета дека е контрапродуктивно на околностите.

- Тргување со влијание кое преставува нудење или барање да се оствари незаслужна предност, преку извршување неправилно, вистинско или претпоставено влијание, со цел да се добие од јавен службеник незаслужена предност за вистинскиот поттикнувач на делото или за кое било друго лице
- Перење на приходите од коруптивните практики кое преставува прикривање или камуфлирање на недозволено потекло, извор, локација, располагање, движење или сопственост на имот, знаејќи дека таквиот имот е приход или кривично дело. „Корупција" или „Коруптивни практики" како што се користи во оваа клаузула за борба против корупцијата вклучува мито, изнуда или барање од интерес, тргување ос влијание и перење на средствата од приходи од овие практики.

2) Во однос на трети страни, предмет на контрола или утврдување на влијание на една страна, вклучително и неограничувајќи се на агенти, консултанти за развој на деловни активности, преставници на продажба, царински агенти, општи консулатнти, преговарачи, подизведувачи, франшери, адвокати, сметководители или слични посредници, постапувајќи во име на договорните страни во врска со маркетинг или продажба, договарање на договори, добивање на лиценци, дозволи или други овластувања или какви било други активности што имаат корист од страната или како подизведувачи во синџирот на снабдување, договорните страни не треба да ги упатуваат, ниту да се ангажираат, ниту дека ќе толерираат впуштање во било какво дело на корупција, да не ги користат како канал за каква било коруптивна пракса ангажирајќи ги само во оној степен што е соодветен за редовно водење на деловната активност на договорната страна и да не им плаќаат повеќе од соодветна награда за нивните легитимно извршени услуги.

Доколку Договорната страна како резултат на користењето на договорно обезбедена ревизија, доколку ја има, од сметководтвените книги и финансиската евиденција на другата договорна страна или на друг начин донесе доказ дека втората страна учествувала во материјални или неколку повторени прекршувања на ставот (1), точките 1) и 2), таа соодветно ќе ја извести втората страна и ќе побара од таа страна да ги преземе потребните мерки за поправка во разумен рок и да ја информира за таквото дејство. Доколку втората страна не ги преземе неопходните мерки за поправка или ако таквите мерки за поправка не се можни таа може да се повика на одбрана со докажување дека во моментот кога се појавиле доказите за повреда, таа воспоставила соодветни антикорупциски превентивни мерки, како што е опишано во членот 10 од правилата за борба против корупцијата на Интернационалната стопанска комора до 2011 година, прилагодени на нејзините посебни околности и способни да откриваат корупција и да промовираат култура на интегритет во нејзината организација. Доколку не се преземат мерки за поправки или според случајот одбраната не се повикува ефективно на ефективно отстранување на повредите, првата договорна страна може по своја дискреција да одбере да го суспендира или раскине договорот при што се подразбира дека за сите износи извршени до време на прекинот или раскинувањето на договорот ќе постојат како обврска за исплата колку што тоа го дозволуваат важечките закони и други позитивни прописи.

Секој субјект без разлика дали е арбитражен суд или друго тело за одлучување на спорови, кое донесува одлука во согласност со одредбите за решавање на спор произлезен од овој договор, ќе има овластување

да ги утврди последиците од договорот од какво било наводно непочитување на оваа антикорупциска клаузула на интернационалната стопанска комора.

## XV. ОБВРСКА ЗА ЗАШТИТА НА ДОВЕРЛИВОСТА

### Член 21

(1) Договорните страни се согласни дека овој Договор и сите услови, податоци и информации поврзани со овој Догоовр се сметаат за доверливи информации и деловна тајна.

(2) Доверливите технички, финансиски и деловни информации во врска со овој Договор, се сите оние кои во форма на усно откривање и/или документи, спецификации или други податоци се разменети меѓу Догооврните страни за целта на овој Договор, без разлика дали тие се прикажани во електронска или хартиена печатена форма и кои се во сопственост на страната која ги открива информациите (во понатамошниот текст "Доверливи информации и деловна тајна" ).

(3) Страна која прима информации ќе: (а) ги чува доверливите информации и деловна тајна во тајност и ќе обезбеди пристап до такви информации само на оние вработени кои (i) имаат потреба да знаат (ii) имаат склучено договор за доверливост и кои се разумно квалификувани за заштита на доверливи или класифицирани информации и ќе забрани нивно неовластено откривање, и (б) нема да открива доверливи информации и деловна тајна добиени согласно овој договор на било која трета страна, без претходно писмено одобрение од страната сопственик на информациите.

(4) Обврската на Договорните страни да ги сочува како доверливи информации и деловна тајнате како што е утврдено во овој Договор истекува пет (5) години по денот на објавување на специфичните доверливи информации и деловна тајна. Обврските за доверливост од овој договор ќе ги надминат роковите на траењето на овој Договор или било кое негово предвремено раскинување.

(5) Овој договор се однесува на доверливи информации и деловна тајна кои се откриени помеѓу ефективниот датум на стапување на сила на Договорот и пет (5) години потоа.

(6) Страната која ги примила доверливите информации и деловна тајна, ќе ги заштити откриените доверливи информации и деловна тајна со исто ниво на заштита каков што самата користи за да ги заштити своите доверливи информации и деловна тајна од слична природа, но во никој случај не помалку од разумен степен на грижа и заштита за спречување на неовластено користење, дистрибуирање, или објавување на доверливите информации и деловна тајна.

(7) Овој Договор не наметнува никаква обврска за Страната која ги примила доверливите информации и деловна тајна во однос на доверливите информации и деловна тајна кои: (а) биле законски во нејзино владение пред тие да ги прими од Страната сопственик на информациите (б) се или стануваат предмет на јавно знаење без вина на Страната која ги примила информациите; (в) се објавени од Страната сопственик на информациите на трети лица без обврска за доверливост од третите лица; (г) се објавени по налог од страна на надлежен суд при што се дава соодветно писмено известување до Страната сопственик на информациите пред таквото обелоденување за да и се овозможи на таа страна да бара налог за

ограничување или исклучување на таквото откривање, или (д) се откриени од Страната која ги приила информациите со претходна писмена согласност од Страната која е сопственик на информациите.

(8 )Секое прекршување или закана за прекршување на обврската за доверливост од несовесната договорна страна и дава право на другата страна да покрене соодветна судска постапка за надомест на предизвиканата штета.

(9) Сите материјали кои содржат доверливи информации и деловна тајна по основ на овој Договор, вклучувајќи, но без ограничување, сите копии (електронски и хартиени), како и изводоци од било кој вид, ќе бидат вратени или уништени по истекот на важноста, предвременото раскинување на овој Договор или на писмено барање на страната што објавува податоци заедно со гаранција на комплетноста на вратените и/или уништените предмети/материјали.

## XVI. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

### Член 22

(1) Давателот на лизинг се обврзува дека при извршување на предметот на набавакта, со личните податоци ќе постапува во согласност со упатствата добиени од страна на Корисникот на лизинг, при што задолжително:

– Личните податоци во постапката на реализација на предметот на набавката ќе ги обработуваат единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци, почитувајќи ги начелата за заштита на личните податоци;

– Ќе применува соодветни технички и организациони мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци на ниво кое е во согласност со прописите на заштитата на личните податоци;

– Личните податоци кои ќе ги обработуваат во текот на реализацијата на овој договор за јавна набавка нема да ги откриваат на трети лица или објавуваат;

(2) За податоците кои ќе ги обработуваат при реализација на овој договор за јавна набавка ќе обезбедат заштита од случајно, намерно или незаконско уништување или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, како и заштита при нивниот пренос од било какви незаконски облици на обработка.

## XVII. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 23

(1) Договорот влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни .

(2) Договорот се склучува во времетраење од 4 (четири) години сметано од денот на предавањето во владение на возилата од член 1 на овој договор.

(3) Како прв ден ќе се смета денот кога Давателот на лизинг ќе му ги предаде во владение возилата од член 1 на овој договор на Корисникот на лизинг односно со денот на потпишувањето на Записникот за примопредавање на предметот на договорот.

(4) Возилата од член 1 на овој договор треба да бидат регистрирани и осигурани на име на Давателот на лизинг и да може Корисникот на лизинг да ги користи на целата територија на Република Северна Македонија и надвор од неа за што Давателот на лизинг се обврзува да издаде полномошно за користење на возилата надвор од територијата на Република Северна Македонија.

(5) Давателот на лизинг е должен, во рок од (1) еден ден по поднесено барање од Корисникот на лизинг, да издаде полномошно за користење на возилата во странство на лицата кои Корисникот на лизинг ќе ги наведе во писменото барање.

## XVIII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 24

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на договорните страни.

### Член 25

(1) Овој договор може да се раскине и еднострано од страна на Корисникот на лизинг со поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор, како и поради неквалитетно вршење на работите утврдени со Договорот.

(2) Известувањето за раскинување на договорот задолжително се доставува во писмена форма.

(3) Договорот се смета за раскинат со истекот на 30 (триесет) дена од приемот на известувањето за раскинување на договорот.

(4) Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на Давателот на лизинг, покрај наплатата на договорната казна, Давателот на лизинг ќе биде одговорен за надомест на евентуалната штета што би ја предизвикал на Корисникот на лизинг како директна или индиректна последица на неговото работење.

(5) Овој Договор може да се раскине и пред истекот на времето и исполнувањето на износот за кој е склучен ако:

- давателот на лизинг ги промени цените;
- давателот на лизинг ненавремено ги испорача возилата;
- давателот на лизинг не ги исполнува обврските по овој Договор;
- од било кои причини престане потребата кај Корисникот на лизинг од возилата предмет на Договорот;
- квалитетот утврден со Договорот отстапува од квалитетот на испорачаните возило и
- во други случаи утврдени со позитивните законски прописи.

**Член 26**

Доколку дојде до раскинување на Договорот, во текот на враќањето на предметот на закуп, договорните страни ќе состават записник за враќање на предметот на закуп, со кој ќе се утврди бројот на изминати километри во моментот на враќање на предметот на закуп и во кој ќе се напишат сите недостатоци согласно извршената проценка на предметот на закуп.

**Член 27**

Во случај на потполна (тотална) штета на предметот на закуп и констатирањето на настанатата тотална штета од страна на осигурителот, до раскинување на анекс Договорот за оперативен лизинг за конкретното возило доаѓа на денот на потпишување на записникот за потполна (тотална) штета на предметот на закуп од страна на Давателот на лизинг и осигурителната компанија. Во овој случај, Корисникот на лизинг се обврзува на Давателот на лизинг да му исплати износ на закупнина до денот на потпишување на записникот за потполна (тотална) штета на предметот на закуп од страна на Давателот на лизинг и осигурителната компанија, односно до денот на раскинување на анекс Договорот за оперативен лизинг за конкретното возило. Корисникот на лизинг, по раскинување на анекс Договорот за оперативен лизинг за конкретното возило, доколку смета дека е потребно, може да побара нови возило со истите карактеристики, за кое ќе се склучи нов анекс Договор за оперативен лизинг, со времетраење на истиот до истекот на времетраењето на Договорот за јавна набавка, при што закупнината ќе биде со ист износ како и во Договорот за јавна набавка.

**Член 28**

Во случај на кражба на предметот на закуп, Корисникот на лизинг се обврзува, без одложување да поднесе пријава за кражба во најблиската полициска станица, и да за тоа, со примерок од писмен акт за поднесената пријава, веднаш го извести Давателот на лизинг. Во тој случај до раскинување на анекс Договорот за оперативен лизинг за конкретното возило доаѓа во рок од 30 (со зборови: триесет) дена од пријавата на кражба, освен ако во тој рок предметот на закуп не биде пронајден и вратен на Давателот на лизинг. Во овој случај, Корисникот на лизинг се обврзува на Давателот на лизинг да му исплати износ на закупнина до денот на раскинување на анекс Договорот за оперативен лизинг за конкретното возило. Корисникот на лизинг, по раскинување на анекс Договорот за оперативен лизинг за конкретното возило, доколку смета дека е потребно, може да побара нови возило со истите карактеристики, за кое ќе се склучи нов анекс Договор за оперативен лизинг, со времетраење на истиот до истекот на времетраењето на Договорот за јавна набавка, при што закупнината ќе биде со ист износ како и во Договорот за јавна набавка.

## XIX. ВИША СИЛА

**Член 29**

(1) Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила.

(2) Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, и сл.).

(3) Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

(4) Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

(5) За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

(6) Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

(7) По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XX. ИЗВЕСТУВАЊА

### Член 30

Сите пораки, предупредувања или известувања помеѓу договорните страни ќе се сметаат валидно испратени доколку се доставени во писмена форма потпишана од овластените лица, на адресите наведени во овој Договор, до овластените и назначените контакт лица за реализација на договорот наведени во Прилог бр.3 кон овој Договор. Страна која ја менува адресата е обврзана да и испрати на другата Страна писмо или напомена за деталите на новата адреса. Се до приемот на такво писмо или напомена, сите пораки, предупредувања или покани испратени на старата адреса ќе се сметаат за уредно доставени.

## XXI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 31

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, во писмена форма, со склучување анекс на договорот потпишан од овластените лица на договорните страни.

### Член 32

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, странките ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

### Член 33

За сѐ што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

Член 34

(1) Давателот на лизинг е должен да ги штити и во никој случај не смее да ги искористи за своја сопствена употреба или да ги открива информациите или податоците на трето лице кои се сметаат за доверливи податоци и информации и/или деловна тајна на Корисникот на лизинг, а таквата информација или податок ја добил при потпишување или извршување на предметниот Договор, при испорака на возилата предмет на овој Договор или како такви му биле доверени на Давателот на лизинг или со нив бил запознаен на друг начин, директно или индиректно.

(2) Давателот на лизинг е морално, материјално и кривично одговорен за издавање на деловна тајна, доколку знаел или би морал да знае за таквото својство на податоците и информациите. Доколку Давателот на лизинг истото го направи и/или настане штета од употреба и предавање на деловна тајна, Давателот на лизинг е согласен Корисникот на лизинг да бара надомест на штета.

Член 35

(1) Овој Договор претставува целина која ги вклучува следните Прилози кои се негов составен дел:

- ПРИЛОГ 1: ЛИСТА НА ЦЕНИ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА ПО ПАТ НА ОПЕРАТИВЕН ЛИЗИНГ (патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 со времетраење од 48 месеци и предвидена километража од 140.000 км)
- ПРИЛОГ 2: НАЗИВ, АДРЕСИ И ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ .

(2) Овој договор е составен во 3 (три) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за Корисникот на лизинг и 1 (еден) примерок за Давателот на лизинг.

| Корисник на лизинг: | Давател на лизинг: |
|---|---|
| Оперативно-техничка агенција Скопје | Порше Лизинг ДООЕЛ |
| директор | овластено лице |
| Зоран Ангеловски | Филип Стефановски |

Изработил:Главен советник во Одделение за управување со човечки ресурси и други правни работи
Контролирал:Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси и други правни работи
Одобриле: Раководител на Сектор за општи и заеднички работи
Државен советник за општи и заеднички работи

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

ПРИЛОГ 1 – ЛИСТА НА ЦЕНИ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА ПО ПАТ НА ОПЕРАТИВЕН ЛИЗИНГ (патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 со времетраење од 48 месеци и предвидена километража од 140.000 км)

| ЛИСТА НА ЦЕНИ - ПАТНИЧКИ МОТОРНИ ВОЗИЛА СО 5 ВРАТИ<br>Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дел 1 – Патничките моторни возила - со 5 врати<br>Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5 | | | | | | | |
| Реден број | Опис на позиција | Единечна мерка | Количина | Рати | Месечна рата за 1 (едно) возило без ДДВ | ДДВ на месечна рата за 1 (едно) возило | Месечна рата за 1 (едно) возило со ДДВ |
| I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| 1 | Патничките моторни возила-за период 48 месеци или 140.000 км | парче | 3 | 48 | 18.727,00 денари | 3.370,64 денари | 22.097,64 денари |
| Вкупна цена без ДДВ (IV*V*VI) | | | | 2.696.688,00 денари | | | |
| Вкупно ДДВ (IV*V*VII) | | | | 485.372,16 денари | | | |
| Вкупна цена со ДДВ (IV*V*VIII) | | | | 3.182.060,16 денари | | | |

*Во понудената единечна цена за патнички моторни возила со 5 врати-Модел: Skoda Fabia Ambition 1.0MPI 80KS MT5-се вкалкулирани трошоците за увозни царини, прикажани без ДДВ, патните/транспортни трошоци и сите останати трошоци кои произлегуваат од испораката на возилата.

** Во случај на евентуално несовпаѓање помеѓу податоците во овој Прилог, ќе преовладува важноста на податоците во тендерската документација и техничките спецификации со арх.бр. 05-405/2 од 08.08.2022 година и понудата на Давателот на лизинг доставена преку ЕСЈН на 22.08.2022 година во 15:24 часот.

Корисник на лизинг:
Оперативно-техничка агенција Скопје
директор
Зоран Ангеловски

Давател на лизинг:
Порше Лизинг ДООЕЛ
овластено лице
Филип Стефановски

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

ПРИЛОГ 2 – НАЗИВ, АДРЕСИ И ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

| ЗА КОРИСНИК НА ЛИЗИНГ: | |
|---|---|
| Назив: | Оперативно-техничката агенција Скопје |
| Адреса за достава на фактури и писмена | ул. „Орце Николов“ број 48, поштенски факс 236, 1000 Скопје |
| Овластено лице на Корисникот на лизинг/потписник | директор |
| Назначено лице за административно-правни работи | Борче Размоски<br>Телефон за контакт:071 399509<br>e-mail адреса: borce.razmoski@ota.mk<br><br>Лаура Жута<br>Телефон за контакт: 072828080<br>e-mail адреса: laura.zhuta@ota.mk |
| Назначено контакт лице за реализација на договорот | Анастас Ефремов<br>Телефон за контакт: 072 800 009<br>e-mail адреса: anastas.efermov@ota.mk |

| ЗА ДАВАТЕЛ НА ЛИЗИНГ: | |
|---|---|
| Назив: | Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје |
| Адреса за достава на фактури и писмена | бул.„ Босна и Херцеговина“ бр.3, 1000 Скопје |
| Овластено лице на Давателот на лизинг/потписник | Овластено лице |
| Назначено лице за административно-правни работи | Филип Стефановски<br>Телефон за контакт:022630222<br>e- mailадреса:filip.stefanovski@porscheleasing.com.mk |
| Назначено контакт лице за реализација на договорот | Филип Стефановски<br>Телефон за контакт: 022630222<br>e-mailадреса: filip.stefanovski@porscheleasing.com.mk |

Корисник на лизинг:
Оперативно-техничка агенција Скопје
директор
Зоран Ангеловски

Давател на лизинг:
Порше Лизинг ДООЕЛ
овластено лице
Филип Стефановски